**20242304059**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 35 став (5) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ број 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 12 ноември 2024 година донесе

# ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОЦЕНТОТ НА ЗАФАЌАЊЕ ОД ВКУПНИОТ ГОДИШЕН ПРИХОД, ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА РЕГУЛАТОРНАТА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2025 ГОДИНА

1. Процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход, за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија за 2025 година се утврдува да изнесува:

- 0,0360% од вкупниот годишен приход на носителите на лиценци за вршење на енергетска дејност и од странските друштва кои вршат енергетска дејност во Република Северна Македонија и
- 0,0360% од годишниот приход на давателите на водни услуги остварен од давањето на водни услуги.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08 – 5432/1
12 ноември 2024 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.